*Доц. д-р Јорданка Галева**
*Правен факултет Универзитет „Гоце Делчев“ Штип*

## Редефинирање на македонското правокако резултат на надворешни влијанија и негова одржливост

***Апстракт:*** Измената на знамето и името на Република Македонија кое се случи како резултат на надворешни влијанија (Република Грција и меѓународната заедница) и постојаните измени на уставот и законите кои произлегоа од одредбите на Времената спогодба од 1995 година, Преспанскиот договор од 2018 година (склучени помеѓу Македонија и Грција), Охридскиот рамковен договор од 2001 година (чии потписници меѓу другите се и двајца претставници од меѓународната заедница) и евентуалните идни измени како резултат на барањата од страна на Бугарија, го поставува прашањето: дали принципот на немешање во внатрешните работина една држава (еден од принципите на вестфалскиот суверенитет и на меѓународното право), се почитува, и дали редефинирањето на правото дава стабилност и верба во внатрешниот политички поредок на една држава, доколку постојано се менува. Во трудот е направена кратка анализа на измените кои ги претрпеа македонскиот устав и закони, а со цел да се види колку истите се одржливи.

***Клучни зборови:*** Македонски устав, Времена спогодба, Преспански договор, Охридски Рамковен договор, мешање во внатрешни работи на државите, одржливост

## Redefining Macedonian law as a result of external influences and its sustainability

***Abstract:*** The change of the flag and the name of the Republic of Macedonia, as a result of external influences (the Republic of Greece and the International Community) and the constant changes to the Constitution and laws derived from the Interim Agreement of 1995, the Prespa Agreement of 2018 (concluded between Macedonia and Greece), the Ohrid Framework Agreement from 2001 (whose signatories include, among others, two representatives from the International Community) and the possiblefuture changes as a result of Bulgaria's requests, raises the question: whether the principle of non-interference in the internal affairs of a state (one of the principles of Westphalian sovereignty and international law) is respected, and whether the redefinition of the law gives stability and faith in the internal political order of a state, if it keeps changing. In the paper, a brief analysis of the legislative changes is made, in order to see how sustainable they are.

***Keywords:*** Macedonian constitution,the Interim Agreement, Prespa Agreement, Ohird Framework Agreement, interference in internal affairs of states, sustainability